Д-р Растислав ТЕРЗИОСКИ и
Д-р Вера ВЕСКОВИЌ – ВАНГЕЛИ
саработници на Институтот за национална историја – Скопје

Почитувани колешки и колеги, драги пријатели

Вистински благодарни, почестени и среќни што како гости од Македонија присуствуваме на овој импозантен научен собир организиран од Црногорската академија на науките и уметностите, од наше име и од името на повеќе наши колеги од Македонија, Ве поздравуваме и на собиров му пожелуваме плодна и успешна работа.

Ценејќи според програмата, дека повеќе реферати на научниов собир третираат и поконкретни проблеми што се предизвик и за македонската историографија – што необично нѐ радува, секако причинае повеќе да зажалиме што на собиров не зедоа учество и повеќе колеги од нашата средина. Меѓутоа, реалностите се сепак потврди од желбите и потребите, па ни останува да се радуваме и на фактот што и на овај начин сме заедно. Неизмерно не радува фактот што со ваквото дружење бар малку се крши мразот на несаканиот позаборав кој што за жал во последниве години на војни и немири грдо и грозоморно се наметнуваше. Се наметнуваше за среќа не по вина на истражувачите на вистината.

Ние постарите генерации имаме вистински дирливи причини да се радуваме на секое такво позитивно затоплување на односите, бидејќи не врзува нешто многу посилно од силите на нивното заладување и замрсување. Со многу овде присутни колеги не врзува она најубавото: младоста, заедничките мечти, размисли, остварени резултати на бројните незаборавни средби, научни собири, патувања, заеднички настапи. На ваквите позитивни и прекрасни дружења, пријателите ни се радуваа, а оние другите се потплашуваа и пред силата на нашите заеднички изнесувани аргументи мораа да отстапуваат.

Во името на таквото позитивно минато и со верба дека новите времиња ќе донесат уште поубави форми на соработка и дружење, во што да се надеваме и нашиов собир ќе биде прилог повеќе, нека уште еднаш му посакаме плодна и успешна работа.